Да се потсетиме:

1. **Која дурска скала има три снижувалки?**
2. **Како ги изведуваме скалите со снижувалки?**
3. **Именувај ги тоновите од Es-dur скалата.**
4. **Напиши ја во петтолиние?**
5. **Помеѓу кои тонови се наоѓаат полустепените во Es-dur скалата?**
6. **Кој тон е I стапало (тоника) во Es-dur скалата?**
7. **Кој тон е IV стапало (субдоминанта) во Es-dur скалата?**
8. **Кој тон е V стапало (доминанта) во Es-dur скалата?**
9. **Кој тон е VII стапало (воѓица) во Es-dur скалата?**
10. **Кој тон е II стапало во Es-dur скалата?**
11. **Кој тон е III стапало во Es-dur скалата?**
12. **Кој тон е VI стапало во Es-dur скалата?**

Како што веќе знаете, молската скала се изведува од VI стапало на соодветна дурска скала. Дали знаете која молска скала е паралелна на Es-dur скалата? Да ја најдеме!

I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
ES	F	G	AS	B	C	D	ES

Во табелава се прикажани тоновите од Es-dur скалата со означени стапала. Јасно е дека VI стапало е тонот „C“. Тоа значи дека **паралелна молска скала на Es-dur е c-moll.**

c- moll

Природен c-moll ги има истите предзнаци како и неговата паралелна дурска скала (Es-dur). Се изведува од VI стапало на Es-dur: VI стапало од Es-dur станува I стапало на c-moll. Полустепените во природниот мол се наоѓаат помеѓу II – III и V-VI стапало - во c-moll помеѓу тоновите „d“ и es“ и „g“ и „as“ (види табела 1).

Табела 1

I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
C	D	ES	F	G	AS	B	C

полустепен полустепен

Слика 1



Предзнаците можат да се напишат пред самите ноти кои треба да се снижат (слика 1) или на почетокот од петтолинието (слика 2).

Слика 2



Табела 2

Хармонски c-moll **се добива така што се повишува VII стапало во природниот c-moll:**

I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
C	D	ES	F	G	AS	H	C

полустепен — полустепен — степен и пол — полустепен

Како што можеме да забележиме, тонот „b“ кој е VII стапало во природниот c-moll по неговото повишување (всушност разрешување, бидејќи имал снижувалка) станал „h“. Полустепените во хармонскиот мол се наоѓаат помеѓу II – III, V-VI и VII- VIII стапало. Помеѓу VI и VII стапало растојанието е спепен и пол (зголемена секунда).

Слика 3




Слика 4



Да видиме каде тоновите од хармонскиот c-moll мол се наоѓаат на клавијатурата (слика 5):

Слика 5



(тоновите од скалата на клавишот се означени со бројки)

Мелодиски c-moll **се добива така што во природниот мол се повишуваат VI и VII стапало: тонот „as“ станува „a“ и тонот „b“ станува „h“. Полустепените во мелодискиот мол се наоѓаат помеѓу II – III и VII- VIII стапало (помеѓу тоновите „d“ и „es“, односно „h“ и „c“ (види табела 3, слики 6 и 7).**

Табела 3

I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
C	D	ES	F	G	A	H	C

полустепен полустепен

Слика 6




Слика 7



Да видиме каде тоновите од мелодискиот c-moll мол се наоѓаат на клавијатурата (слика 8):

Слика 8



(тоновите од скалата на клавишот се означени со бројки)

Линкови:

1. https://www.youtube.com/watch?v=LN4NmNPtDeE (C Minor Harmonic Piano Scale)
2. https://www.youtube.com/watch?v=LN4NmNPtDeE (C Minor Harmonic Piano Scale)
3. https://www.youtube.com/watch?v=ENF8c1yzzlw (C Minor Melodic Piano Scale)
4. https://www.youtube.com/watch?v=HB8-w5CvMls (Бах- Прелудиум и фуга во c-moll)
5. https://www.youtube.com/watch?v=B7pOytF2nak (Бетовен – V симфонија, I став- првата тема е во c-moll)
6. https://www.youtube.com/watch?v=mmCnQDUSO4I (Шостакович- Валцер бр.2 во c-moll)
7. https://www.youtube.com/watch?v=xIqxoMOsNfo (Шопен- Ноктурно бр. 21 во c-moll)
8. https://www.youtube.com/watch?v=CxgmDFZzYoU (Yanni - Adagio in C Minor)
9. https://www.youtube.com/watch?v=agCv-Ui287g (C Minor boogie woogie)
10. https://www.youtube.com/watch?v=4MonjWKFsME (C minor rock power ballad guitar backing track)

Прашања за c-moll:

1. **Кое стапало на Es-dur е првото стапало на c-moll?**
2. **Колку снижувалки има c-moll?**
3. **Кои се снижувалките во c-moll?**
4. **Именувај ги тоновите на природниот c-moll ?**
5. **Именувај ги тоновите на хармонскиот c-moll?**
6. **Именувај ги тоновите на мелодискиот c-moll?**
7. **Кој тон е воѓица (VII стапало) во хармонскиот c-moll ?**
8. **Кој тон е VI стапало во мелодискиот c-moll?**
9. **Кој тон е III стапало во c-moll?**
10. **Кој музички пример (од приложените линкови) во c-moll најмногу ти се допаѓа?**

Задачи:

1. **Одговорете на прашањата од воведниот дел на презентацијава.**
2. **Научете ја c-moll скалата (да ја препознавате и да ја пишувате) и да ги именувате тоновите (теорија).**
3. **Одговорете на прашањата од завршниот дел на презентацијава.**
4. **Проучете го едукативниот материјал од приложените линкови (првите три).**
5. **Преслушајте ги приложените музичките примери компонирани во c-moll.**